Уп. бр. 08-123

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и 208/24), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Ана Маројевиќ (Ana Marojević), државјанин на Црна Гора, XXX, Мензиес Авиејшн (Јуроп) Б.В. (Menzies Aviation (Europe) B.V.), со седиште на Анцхорагелаан 50, 1118 Шипхол, Холандија и Аир СЕРБИА а.д. Белград (Air SERBIA a.d. Beograd), со регистрирано седиште на Јурија Гагарина 12, Белград-Нов Белград, Република Србија, преку Адвокатско друштво Поленак од Скопје, на седницата одржана на ден 18.10.2024 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со Ана Маројевиќ (Ana Marojević), државјанин на Црна Гора, XXX, Мензиес Авиејшн (Јуроп) Б.В. (Menzies Aviation (Europe) B.V.), со седиште на Анцхорагелаан 50, 1118 Шипхол, Холандија и Аир СЕРБИА а.д. Белград (Air SERBIA a.d. Beograd), со регистрирано седиште на Јурија Гагарина 12, Белград-Нов Белград, Република Србија *имаат намера да стекнат заедничка контрола директно* врз МЕНЗИЕС АВИЕЈШН ДОО БЕОГРАД-СУРЧИН (MENZIES AVIATION DOO BEOGRAD-SURČIN), со седиште на Аеродром Никола Тесла, Канцеларија бр. 3, везен дел со Терминал 1, Сурчин, Република Србија,, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 20.08.2024 година, а дополнето на 16.09.2024 година,, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во

понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од Ана Маројевиќ (Ana Marojević), државјанин на Црна Гора, XXX Мензиес Авиејшн (Јуроп) Б.В. (Menzies Aviation (Europe) B.V.), со седиште на Анцхорагелаан 50, 1118 Шипхол, Холандија и Аир СЕРБИА а.д. Белград (Air SERBIA a.d. Beograd), со регистрирано седиште на Јурија Гагарина 12, Белград-Нов Белград, Република Србија со која Ана Маројевиќ, Црна Гора, Мензиес Авиејшн (Јуроп) Б.В., Холандија и Аир СЕРБИА а.д. Белград, Република Србија имаат намера да стекнат заедничка контрола директно врз МЕНЗИЕС АВИЕЈШН ДОО БЕОГРАД-СУРЧИН (MENZIES AVIATION DOO BEOGRAD-SURČIN, со седиште на Аеродром Никола Тесла, Канцеларија бр. 3, везен дел со Терминал 1, Сурчин, Република Србија по пат на пренос на удел.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием, и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Ана Маројевиќ** е физичко лице со живеалиште во Црна Гора и содружник во Мензиес Србија.

Ана Маројевиќ нема регистрирани друштва во Северна Македонија.

Основната дејност на **Мензиес Авиејшн (Јуроп) Б.В.** е обезбедување на безбедни и ефикасни воздухопловни услуги (земски услуги (groundhandling services) и воздушни карго услуги). Мензиес Авиејшн (Јуроп) Б.В. е владејачко друштво на европскиот бизнис, со седиште во Амстердам, обезбедувајќи аеродромски услуги, и над и под крилото, обезбедувајќи патниците, екипажот и авионите да ги завршат патувањата ефикасно и навремено. Мензиес Авиејшн (Јуроп) Б.В., исто така, управува со глобалниот транспорт на товар од висока вредност и товар за итна испорака. Мензиес Авиејшн (Јуроп) Б.В. има повеќедецениско искуство, поддржано од ефикасни и паметни логистички решенија, што значи дека им се верува дека обезбедуваат сигурна и безбедна услуга.

Мензиес Авиејшн (Јуроп) Б.В. е дел од Мензиес Авиејшн Групата на друштва (Menzies Aviation Group of companies), предводена од холдинг друштвото Џон Мензиес Лимитед (John Menzies Limited) од Обединетото Кралство („Мензиес Групата"), кое е дел од Агилити Паблик Верхаус Компани К.С.Ц.П групацијата (the Agility Public Warehousing Company K.S.C.P. group). Мензиес Групата обезбедува земски услуги на аеродром, товар, полнење гориво и други услуги за клиентите на аеродромите и превозниците ширум светот.

Мензиес Авиејшн (Јуроп) Б.В. нема регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија.

Регистрираната дејност на **Аир СЕРБИА а.д. Белград** е воздушен патнички превоз. Аир СЕРБИА а.д. Белград исто така, носи големи количини товар и пошта на своите редовни летови како составен дел од бизнисот.

Аир СЕРБИА а.д. Белград е национална авиокомпанија на Република Србија, правен следбеник на првата национална авиокомпанија, Аеропут (Aeroput), основана во

Белград во 1927 година. Аир СЕРБИА а.д. Белград работи под сегашното име од октомври 2013 година. Аир СЕРБИА а.д. Белград оперира редовни, сезонски и чартер летови до над 70 дестинации во Европа, Медитеранот, Северна Америка, Азија и Африка, во патнички и карго сообраќај. Во соработка со нивните авио-партнери, Аир СЕРБИА а.д. Белград нуди и летови до меѓународни дестинации во Азија, Австралија, Северна Америка и Африка. Аир СЕРБИА а.д. Белград е исто така членка на Меѓународната асоцијација за воздушен транспорт (IATA).

Аир СЕРБИА а.д. Белград, има едно регистрирано зависно друштво во Северна Македонија - Друштво за воздушен сообраќај АЕРОМАК ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на бул. Партизански Одреди бр.17, Скопје, Северна Македонија со дејност АЕРОМАК ДООЕЛ Скопје 51.10 - патнички воздухопловен транспорт.

Регистрираната дејност на **МЕНЗИЕС АВИЕЈШН ДОО БЕОГРАД-СУРЧИН** е 5223 - услужни дејности во воздушниот сообраќај.

МЕНЗИЕС АВИЕЈШН ДОО БЕОГРАД-СУРЧИН нема регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија,

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**